Macedonian

Australian Government

Job Capacity Assessment

# ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ВАШИОТ *JOB CAPACITY ASSESSMENT*

## Што е тоа *Job Capacity Assessment*?

*Job Capacity Assessment* е состанок со квалификуван Job Capacity Assessor кој ги проценува вашите способности за работа, врз основа на информациите кои вие ќе ги дадете за време на разговорот и други релевантни информации, како здравствени извештаи.

Job Capacity Assessors се сдружени здравствени професионалци, како психолози, физиотерапевти и консултанти за рехабилитација. Секогаш кога е можно Job Capacity Assessor ќе ве упати до служба која може да ви помогне да најдете и да ја задржите работата, и нивните извештаи се користат од страна на Centrelink за донесување одлуки за плаќањата, како што е Disability Support Pension.

## Зошто ми е потребен *Job Capacity Assessment*?

Centrelink или вашата агенција за вработување ќе ве упати за *Job Capacity Assessment* ако:

- Барате или веќе примате плаќања за приход од Centrelink кои зависат од приходот, како што се Newstart Allowance, и:
    - Имате онеспособеност, здравствена состојба или друга пречка да работите; или
    - Барате долгорочно ослободување од активности;
- Добивате Disability Support Pension, или вашата Disability Support Pension се преразгледува; или
- Сте пријавени директно со агенција за вработување, или како доброволец за додаток за невработени преку Centrelink (на пример ако добивате Disability Support Pension и ви треба помош да најдете работа).

Вработувањето и услугите во врска со истото се достапни да ви помогнат да се подготвите, да најдете и да ја задржите работата. Овие услуги вклучуваат Job Services Australia, Disability Employment Network, Vocational Rehabilitation Services, и Australian Disability Enterprises.

## Што се случува за време на проценката?

- Проценувачот ќе разговара со вас за било какви пречки кои може да ги имате за да најдете и ја зачувате работата.
- Проценувачот ќе разговара и за можни препораки за вработување или слични услуги со вас.
- Во поголемиот број на случаи, проценката се состои од дискусија лице-в-лице помеѓу вас и проценувачот.
- Сите проценки лице-в-лице се случуваат доверливо, обично во канцеларијата на проценувачот.
- Со вас на состанокот може да присуствува и пријател, роднина или застапник.
- Кога ќе го закажувате состанокот може да кажете дали претпочитате жена или маж проценувач.

## Колку долго ќе трае проценката?

Нема определено време колку проценката ќе трае, меѓутоа проценките обично траат од 45-90 минути во зависност од вашите индивидуални потреби.

## Што треба да понесам за разговорот?

- Ако имате здравствена состојба или онеспособеност, понесете ги сите документи од вашиот лекар или од други здравствени професионалци на состанокот. Ако не поднесете докази за вашата здравствена систуација или онеспособеност, Centrelink и агенциите за вработување не ќе може да ја земат во предвид вашата состојба или онеспособеност за плаќањата или за помош при вработувањето.
- Ако поднесете здравствен извештај (или друг здравствен доказ) како дел од побарувањето или преразгледувањето на Disability Support Pension, Centrelink ќе го испрати истото на проценувачот. Ако поднесете здравствен цертификат до Centrelink, истиот ќе му биде испратен на проценувачот.
- Нема потреба да носите рентгентски снимки на состанокот, меѓутоа би требало да ги понесете сите извештаи кои ги објаснуваат резултатите од снимките.
- Списокот за проверка кој се наоѓа на третата страница ги објаснува видовите на информации кои може да ги поседувате и како тие ќе му помогнат на Job Capacity Assessor.
- Ако Job Capacity Assessor има потреба од повеќе информации за проценката, може да побара дозвола од вас да го контактира вашиот лекар или други здравств ени професионалци, или да побара од вас да ги донесете тие информации. Проценувачот може да разговара и со друг проценувач кој е стручњак во одредена област. Во некои случаи, може да платат за специјалистичка медицинска или психолошка проценка.

## Што ако ми треба преведувач или имам посебни барања?

Ако е потребно, вашиот Job Capacity Assessor ќе ви обезбеди квалификуван преведувач, вклучувајќи и преведувач за Auslan јазик за глуви, за да ви помогне на проценката. Известете го службеникот при закажувањето на проценката *Job Capacity Assessment* ако ви треба преведувач или ако имате некои посебни потреби.

## Што ќе се случи после проценката?

- Секогаш кога е возможно вие ќе бите упатени на служба за вработување или служба која ќе ви помогне да најдете и да ја задржите работата. Во повеќето случаи деталјите за упатување ќе ви бидат дадени откако ќе ја завршите проценката.
- Вашиот Job Capacity Assessor ќе подготви извештај за вашата способност за работа. Овој  извештај ќе биде испратен до Centrelink, и ако е потребно, ќе се донесе решение дали ви следуваат социјални примања. Извештајот, исто така, ќе го информира Centrelink и/или агенцијата за вработување за вашата способност да барате работа, и за секој вид на помош кој ви е потребен.
- Одлуките за социјалните примања се донесуваат од страна на Centrelink, а не од проценувачот.
- За повеќе информации за услугите за вработување раководени од страна на Department of Education, Employment and Workplace Relations појдете на **www.workplace.gov.au** или јавете мсе на **13 62 68**.
- За повеќе информации за социјалните примања јавете се на Centrelink's Disability, Sickness and Carers линијата на **13 27 17** или линијата на Employment Services на **13 28 50**.

## Што ќе се случи ако не можам да дојдам на закажаниот разговор?

Ако не можете да дојдете на закажаниот разговор заради оправдани причини, мора да го контактирате вашиот Job Capacity Assessor колку што е можно порано. Телефонскиот број ви е даден со деталјите за разговорот.

Ако барате или добивате плаќања од Centrelink:

- Centrelink ќе ви каже дали ќе мора да присуствувате на разговорот; и
- Ако не присуствувате на проценката Job Capacity Assessor ќе го извести Centrelink и/или агенцијата за вработување. Ако добивате плаќања кои зависат од извршување на некои активности, како што е Newstart Allowance, Centrelink може да ви ги запре плаќањата се додека не појдете на проценката. Ако барате Disability Support Pension, Centrelink може да ви го одбие барањето.

## Жалби

- Ако имате забелешки како била изведена проценката прво треба да разговарате со Job Capacity Assessor кој ја извршил проценката.
- Ако и после тоа сте сеуште незадоволни, може да вложите жалба на Centrelink's FreeCall™ Customer Relations Line на **1800 050 004*** или Centrelink's TTY Customer Relations service на **1800 000 567** (само за луѓе кои се глуви или кои имаат потешкотии со слухот или говорот и имаат пристап кон TTY телефон) и вашата жалба ќе биде испитана.
- Ако не сте задоволни со одлука на Centrelink или постапките на вашиот Job Capacity Assessor, можете да поднесете жалба до Commonwealth Ombudsman ако се јавите на **1300 362 072**, или на писмено до GPO Box 442, Canberra, ACT, 2601 или на линија на **www.ombudsman.gov.au**. Пред да ја разгледува жалбата Ombudsman може да бара вие прво да ја контактирате Centrelink's FreeCall™ Customer Relations Line.

## Приватност

- Job Capacity Assessors ја заштитуваат вашата приватност и пружаат доверлива услуга.
- Сите лични податоци собрани или чувани за вас се заштитени со закон. Информациите за вас се даваат само во случаи предвидени со законите на Commonwealth или со ваше одобрение.
- Вие можете да барате од Centrelink според Freedom of Information Act 1982 да го видите вашиот *Job Capacity Assessment* извештај.

Ќе дознете повеќе за *Job Capacity Assessments* ако појдете на **www.jca.gov.au**

Информациите во оваа публикација се наменети само како водич.

## *Job Capacity Assessment* Лист за проверка за докази за здравствена состојба

Примери на видови информации или докази за вашата здравствена состојба или онеспособеност кои треба да ги понесете на *Job Capacity Assessment* се:

| | |
|---|---|
| Здравствен извештај – плаќања за инвалидска пензија | ☐ |
| Здравствен цертификат на Centrelink | ☐ |
| Стандарден здравствен цертификат на општ лекар | ☐ |
| Здравствен извештај од специјалист | ☐ |
| Извештај од психолог/резултати од физометрија | ☐ |
| Специјален извештај од училиште | ☐ |
| Рецепти/примероци од лекови | ☐ |
| Извештаи од болница | ☐ |
| Извештаи од служби во заедницата | ☐ |
| Информации од вашата агенција за вработување | ☐ |

Вашиот Job Capacity Assessor ги зема предвид сите информации и докази кои ќе ги донесете на проценката при подготовката на извештајот.

Ако ви е потребно повеќе време за да обезбедите здравствени докази, можете да побарате разговорот да се одложи. Ако имате потешкотии во обезбедувањето на здравствените докази кажете му на проценувачот.

Ако не обезбедите здравствени докази:

- Може да не се квалификувате за некои социјални плаќања и повластици;
- Вашата здравствена состојба или онеспособеност може да не се земе во предвид кога ќе се определуваат вашите активности; и
- Може да не се квалификувате за најсоодветната услуга за вработување или подршка.

## За повеќе информации појдете на www.jca.gov.au

JCA2100 - July 2009